РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА
REPUBLIKA E MAQEDONISË SË VERIUT

Бр./Nr 12-2328/1
01-07-2026 г./v.

ДКСК KSHPK
ДРЖАВНА КОМИСИЈА ЗА СПРЕЧУВАЊЕ НА КОРУПЦИЈАТА
KOMISIONI SHTETËROR PËR PARANDALIMIN E KORRUPSIONIT

Врз основа на член 22 став 1 од Законот за спречување на корупцијата и судирот на интереси („Службен весник на Република Македонија" бр. 12/19), член 40 став 3 од Деловникот за работа на Државната комисија за спречување на корупцијата, постапувајќи по предмет оформен по пријава поднесена од непознат подносител, Државната комисија за спречување на корупцијата (во натамошниот текст ДКСК), на 33-та седница одржана на 11.06.2026 година ја донесе следната

## О Д Л У К А

Постапката по предметот број 12-2353/1 од 01.09.2025 година, оформен по пријава против -------, вршител на должност директор на ЈОУДГ „-------" – ------, **СЕ ЗАПИРА**.

ДКСК утврди дека наводите од пријавата **се потврдуваат**, при што се констатирани неправилности во работењето на Управниот одбор на установата.

ДКСК ќе достави **Укажување** до Советот на Општина ------ за доследно почитување на одредбите од член 114 став 17 од Законот за заштита на децата, особено во делот на навремено именување на членови на Управниот одбор и обезбедување на негово законито функционирање, како и да преземе мерки за поништување на донесените одлуки на Управниот одбор во чие донесување учествувало и гласало лице со истечен мандат, односно --------.

Предметот број 12-2353/1 од 01.09.2025 година да се затвори и архивира.

Одлуката во деперсонализирана форма да се објави на веб-страницата на ДКСК во рок од 5 (пет) дена од денот на донесувањето.

## О б р а з л о ж е н и е

До Државната комисија за спречување на корупцијата по електронска пошта, на ден 01.09.2025 година, од непознат подносител е поднесена пријава против -------, вршител на должност директор на ЈОУДГ „-------" – ------, со наводи за злоупотреба на службената положба и овластување, по која е оформен предмет број 12-2353/1 од 01.09.2025 година.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Во пријавата се наведува дека директорката извршила влијание врз членови на Управниот одбор на Установата, со цел донесување одлуки за проширување на воспитните групи и прераспоредување на вработени, иако дел од членовите на Управниот одбор немале важечки мандат.

Со цел утврдување на фактичката состојба, ДКСК побара и обезбеди информации и документација од ЈОУДГ „--------" – ------, како и од Министерството за социјална политика, демографија и млади – Сектор за инспекциски надзор во областа на социјалната заштита и заштита на децата.

Од доставените информации и документација од ЈОУДГ „--------" – -----, ДКСК утврди дека Управниот одбор одржал седница на ден 06.08.2025 година, за која е составен записник бр. -------, на која биле разгледувани и усвојувани прашања поврзани со работата на установата, вклучително и годишни документи и прашања поврзани со организацијата на воспитно-згрижувачката дејност.
Од доставениот записник број ------ произлегува дека на седницата одржана на ден 06.08.2025 година присуствувал и учествувал во работата и одлучувањето -------- во својство на член на Управниот одбор, и покрај тоа што неговиот мандат бил истечен уште на 30.09.2024 година, односно повеќе од десет месеци пред одржувањето на седницата.

Од добиениот одговор од Министерството за социјална политика, демографија и млади се утврди дека, иако инспекциските служби се изјасниле како ненадлежни по однос на наводите, сепак на ден 17.11.2025 година извршиле вонреден инспекциски надзор, при што констатирале дека членовите на Управниот одбор се именувани со мандат од четири години и дека на ------- му истекол мандатот на ден 30.09.2024 година, но истиот учествувал во работата на седницата одржана на 06.08.2025 година.

Во однос на наводите за проширување на воспитните групи, ДКСК утврди дека согласно член 64 став 5 од Законот за заштита на децата, согласност дава основачот, односно Советот на општината, и дека во конкретниот случај таква согласност била обезбедена.

Во однос на прераспоредувањето на вработените, согласно член 121 од Законот за заштита на децата, надлежноста за одлучување е кај директорот на установата.

Адреса: ул. Пресвета Богородица број 3, 1000 Скопје - Република Северна Македонија
Adresa: rr. Presveta Bogorodica nr.3, 1000 Shkup - Republika e Maqedonisë së Veriut
email: contact@dksk.org.mk
тел/tel: +389 2 3248 930
https://www.dksk.mk

Имајќи го предвид наведеното, ДКСК утврди дека наводите од пријавата во делот на неправилностите во функционирањето на Управниот одбор, односно учество во одлучување на лице со истечен мандат, се потврдуваат.

Истовремено, ДКСК утврди постоење на системски пропуст во постапувањето на надлежните органи, односно ненавремено преземање активности за именување на членови на Управниот одбор и обезбедување на негово законито и непречено функционирање. Имајќи го предвид наведеното, ДКСК ќе достави Укажување до Советот на Општина ------ заради отстранување на констатираните слабости и спречување на нивно повторување.

Оттука, иако се утврдени неправилности, не се констатирани елементи на злоупотреба на службена положба и овластување во надлежност на ДКСК кои би оправдале натамошно постапување, поради што постапката се запира.

Врз основа на наведеното, ДКСК одлучи како во диспозитивот на оваа Одлука.

**Претседател,**

**Адем Чучуљ**

Изготвил: м-р Ф.О., советник
Согласен: м-р И.П., раководител на сектор
Одобрил: З.Б., член на ДКСК

Доставено до:
- подносителот на пријавата